# Дневник 22.02.2010

**ИНТЕРВЈУ СО ТОНИ ДИМОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ПЛАТЕЖНАТА АГЕНЦИЈА**

## Инвестиции за поголема конкурентност



Земјоделците може да добијат бесплатна помош и советување од советниците во регионалните центри и подрачните единици наАгенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

Парите од претпристапна помош ИПА веќе се достапни за земјоделците. На земјоделците во земјава со првиот јавен повик им се понудени вкупно околу 1,5 милијарда денари или околу 24,3 милиони евра од буџетите на ЕУ и на Македонија. Директорот на Агенцијата за парична поддршка во земјоделството и рурален развој Тони Димовски, вели дека веќе е објавен огласот и сега земјоделците може да се информираат за условите под кои може да ги добијат парите.

- Во декември објавивме јавен повик за доставување барања за пари од програмата. Со повикот се опфатени мерки за поддршка на инвестиции на земјоделски стопанства за нивно преструктурирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ, инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибините производи и мерката за развој на руралните економски активности. Во врска со крајниот рок за поднесување на барањата 23 февруари, по барање на заинтересираните Министерството за земјоделство побара рокот за аплицирање да се продолжи до 17 март 2010 година. Земјоделците бесплатна помош и советување може да добијат од советниците во регионалните центри и подрачните единици на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

**Може ли земјоделците да ги исполнат условите што ги диктира ЕУ?**

- Условите за поддршка се општоприфатени од земјите кандидати за членство во ЕУ и секако земјите-членки на ЕУ. Подготвеноста да се користат овие пари подразбира постепено адаптирање на земјоделците на условите пропишани од ЕУ. Со оглед дека станува збор за значителна поддршка или дисконт од педесетина проценти за инвестиции што водат до поголема конкурентност, а со тоа и поедноставен пласман на земјоделското производство како резултат на достигнувањето на стандардите на ЕУ, веројатно ова претставува доволен предизвик за земјоделците. Тоа значи да се евидентираат, конечно да ги средат имотно-правните односи, да ги обезбедат потребните документи за урбанистички и еколошки пристап при реализирањето на своите проекти и воопшто организирано и деловно да дејствуваат. Всушност со сето ова се обезбедува местото на нашиот рурален амбиент под небото на ЕУ.

**Имаат ли земјоделците пари за да конкурираат и дали се размислува за евтини кредити без хипотеки?**

- Македонските земјоделци како корисници на пари од слични програми за финансиска поддршка имаат искуство во делот на финансирањето и реализација на инвестициите. Веќе извесно време е достапна кредитната поддршка обезбедена со парите од Земјоделскиот кредитен дисконтен фонд, со кредитирање на земјоделците преку комерцијалните банки со пониски каматни стапки како и очекуваната поддршка од Македонската банка за поддршка на развојот.

**Голем дел од експертите се со став дека македонските земјоделци не може да дојдат до европските пари бидејќи им недостигаат и идеи. Какво е вашето мислење?**

- Сево ова е новитет во Македонија, но начинот на кофинансирање на инвестициите е познат. Се чини позначајно е банкарскиот сектор да го препознае големиот потенцијал што постои во македонското земјоделство и потребата од кредитирање клиенти-земјоделци. Во делот на идеите сметам дека кај нашите земјоделци ги има доволно и повеќепати беше истакнато дека идеите постојат, но се чекаа повеќе пари за идеите да станат реалност.

**До кога треба да се искористат парите и дали Владата ќе помогне и со идеи?**

- Веќе се реализирани активностите со кои овие пари станаа достапни за земјоделците. Добивме акредитација во ноември минатата година, го објавивме јавниот повик со кои одеднаш ги понудивме буџетите за 2007, 2008 и 2009 година. **(В.А.)**

#